**Ново срце**

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 166. Дата: 04. 03. 2013.**

## Изгубениот син



Еден човек имаше два сина. Дојде кај него помладиот син и му рече: „Татко, дај ми го мојот дел од имотот, сега!“ И таткото им го раздели имотот. По неколку дни помладиот син го продаде својот дел и замина со парите во далечна земја. Таму ги потроши сите пари, живеејќи во разврат. Кога потроши се што имаше, земјата ја зафати голем глад и тој се најде во немаштија. Отиде како наемник кај еден тамошен човек, кој го прати в поле да му ги чува свињите. Страден беше да си го наполни стомакот со желадите што ги јадеа свињите, но никој не му ги даваше.

Конечно, тој се свести и рече: „Сите наемници кај татко ми имаат храна во изобилство, а јас овде гладувам! Ќе станам, ќе појдам кај татко ми, и ќе му речам: ‚Татко, ви згрешив и на Бог и тебе! Повеќе не сум достоен да се нарекувам твој син. Прими ме кај тебе како наемник!“



Така тој стана и се упати кај татка си. Додека тој беше уште далеку, таткото го здогледа како доаѓа. Му падна жал и му притрча во пресрет, го гушна и го бакна. Синот почна да му зборува, велејќи: „Татко, ви згрешив и на Бог и тебе! Повеќе не сум достоен да се нарекувам твој син ...“ Но таткото го прекина, заповедајќи им на своите слуги: „Донесете ја бргу најдобрата облека и облечете го! Ставете му и прстен на раката и обувки на нозете! Доведете го најдоброто теле, заколете го - да јадеме и да го прославиме ова, зашто, овој син беше мртов за мене, а сега оживе; беше загубен, а сега е најден!“ И така започна прославата.

Постариот син, пак, беше на нива. Враќајќи се дома, тој уште оддалеку слушна песни и игри, па, повикувајќи еден од слугите, го праша што се случува. „Брат ти се врати“ - му одговори слугата, ‚па татко ти го закла најдоброто теле, радосен што го виде здрав.“ Постариот брат се налути и не сакаше да влезе дома. Излезе татко му и почна да го моли. Но тој му рече на татка си: „Јас ти работев како роб сиве овие години и никогаш не ти бев непослушен, а ти ниеднаш не ми даде ни едно јаре за да се провеселам со пријателите. А кога се врати овој твој син, кој по блудници го потроши сиот свој имот, за него го закла најдоброто теле!“ Таткото му одговори: „Сине, ти си секогаш овде, со мене, и се што е мое е и твое. Но треба да се радуваме и да прославиме, зашто брат ти беше мртов и оживе; беше загубен, но сега е најден.“ (Евангелие според Лука 15:11-31)

Можеби ќе се изненадиш од фактот дека ова е библиска приказна, раскажана лично од Господ Исус. Таа е една од најпознатите параболи, позната под насловот „Изгубениот син“.

А има и уше еден факт, кој можеби ќе те изненади; оваа призна се однесува на тебе и мене. Преку неа, Исус го опиша човечкиот став кон Бога. Сите ние сме како помладиот син, мислејќи само на матерјалното и парите и сме се оддалечиле од својот Невесен Татко.

Ако е тоа случај и со тебе, знај дека доаѓа момент кога ќе се најдеш длабоко во грев, неволји и духовна криза (таму кај свињите) и тогаш ќе сватиш дека треба да се покаеш и да се вратиш во заедништво со Бог. Радосната вест е дека Тој (како и во приказната) е спремен да ти прости се и повторно да те прими како негово дете.

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**